# CONCEPT OF EVALUATION OF THE EDUCATIONAL WORK IN STUDENT DORMITORIES

**Vasilka Gjurchinovski**
OUD „Lazar Lazarevski“ Veles, Republic of Macedonia, vasilka79@yahoo.com

**Abstract:** One of the key features of education today are clear and high standards, which help assess and evaluate the performance of educational institutions, as well as schools, student dormitories, teachers and students, to insure quality and equalization of educational outcomes. Evaluation, as an integral element in process of curriculum, takes an important place as a finishing and starting point in educational process. Concept of evaluation in educational process can be used to assess educational programmes and their quality. Student dormitories, as an integral part of the educational system in the Republic of Macedonia, work to evaluate the educational process, to build their own tracking system, collect data, analyze and evaluate the results that they achieve. Evaluation of the educational process is a process that exists since when exist dormitories. Evaluation of the educational work also stems from the fact that the student dormitory, as an institution, plays an important role in the upbringing and education of new generations that are the driving force of the entire social human life, and who are educated outside of their place of living. In the evaluation process, the basic areas of the entire educational process are always taken into consideration. According to this, it can be argued with certainty that evaluation is immanent to the educational work as such.
**Keywords:** student dormitory, evaluation, education

*“For teachers, as for students, the most effective evaluation*
*comes from someone who sits beside us and helps us grow.”*
*Carol Ann Tomlinson*
*Educational Leadership, November 2012*

# КОНЦЕПТОТ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

**Василка Ѓурчиновски**
ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес, Република Македонија, vasilka79@yahoo.com

**Резиме:** Една од клучните карактеристики на образованието денес се јасни и високо одредени стандарди, кои помагаат да се процени и оцени ефикасноста на образовните институции, како училиштата, ученичките домови, наставниците и учениците, се со цел да се осигура квалитет и да се достигнат образовни резултати. Вреднувањето, како составен дел од курикулумскиот процес, завзема важно место како завршна и почетна точка во образовниот процес. Во воспитно-образовниот процес, концепцијата на вреднувањето, може да се спроведе за оценување на образовните програми и нивните квалитети. Ученичките домови, како составен дел на воспитно - образовниот систем во Република Македонија работат на вреднување на воспитно-образовниот процес, односно изградување на сопствен систем на следење, прибирање на податоци, анализирање и вреднување на резултатите што ги постигнува. Вреднувањето на воспитно-образовниот процес е процес кој постои од кога постојат и ученичките домови. Вреднување на воспитно-образовната работа произлегува и од таму што ученичкиот дом како институција има важна улога во воспитувањето и образувањето на нови генерации кои се двигател на целокупното општествено човеково живеење, а кои се школуваат надвор од своето место на живеење. При вреднувањето секогаш се земаат во предвид основните подрачја на целокупниот воспитно-образовен процес. Според ова со сигурност може да се каже дека вреднувањето е иманентно на воспитно-образовната работа како таква.
**Клучни зборови**: ученички дом, вреднување, образование

*"За наставниците, како и за учениците, најефективното вреднување*
*доаѓа од некој кој што седи покрај нас и ни помага да растеме".*
*Керол Ен Томлинсон*
*Образовно лидерство, Ноември 2012*

## 1. ВОВЕД

Под поимот вреднување, во контекст на нашето интересирање, го означуваме интересирањето насочено кон што пообјективно, попрецизно и понепристрасно мерење и утврдување на воспитно-образовното работење на воспитувачите и ученичкиот дом во целост врз база на претходно точно определени критериуми (стандарди и норми), со помош на адекватни инструменти и постапки. Како организирана дејност од посебен општествен интерес и значење наставата има основна задача да реализира определени општествени барања, па затоа, како и секоја организирана општествено корисна работа, подлежи на општествено проценување и вреднување. Кога станува збор за вреднувањето на ученичките домови, се расправа за суштинските прашања поврзани со воспитно-образовната работа.

## 2. ФУНКЦИЈАТА НА ВРЕДНУВАЊЕТО НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Ученичките домови во Република Македонија имаат посебна општествено-воспитна намена и јасно изразени педагошки специфичности, кои во себе ги соединуваат белезите на нашиот општествен развиток и на воспитните стремежи во него. На тој начин, ученичките домови се јавуваат и како општествена и како воспитна категорија. Дефинирани како „воспитно-образовни институции во кои се создаваат услови за воспитување и учење, обезбедуваат сместување, исхрана и културен-забавен живот за редовните ученици кои се школуваат надвор од своето место на живеење“. Како посебна педагошка врска помеѓу двете основни воспитни институции-семејството и училиштето, ученичките домови освен примарните оперативни функции ( воспитување и образование на учениците во домот), имаат и кооперативна функција-перманентна педагошка интеракција со семејството на воспитаниците и со училиштето во кое се школуваат. Со такви свои карактеристики, ученичките домови на определен начин ги претставуваат и програмските специфичности во нивната сфера на следење, мерење и вреднување на воспитно-образовната работа. Затоа, вреднувањето во ученичките домови се разликува од вреднувањето на сите други воспитно-образовни институции. Суштината на вреднувањето на воспитино-образовната работа во ученичките домови изразува посебно адаптиран систем за мерење на сите воспитни остварувања во домот, а од друга страна, функцијата на воспитувањето во ученичките домови ја сочинува мултидимензионално воспитно дејство изразено со константна евиденција и верификација на педагошките акции и на педагошките интеракции во домот.

Една од суштинските функции на вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови е унапредување на работата на воспитно-образовниот процес. Без систем на следење и вреднување на воспитно-образовната работа, со кој се дијагностицира и се констатира развојниот тек на одредена педагошка појава, не е можно ниту доволно развиен систем на мерки, постапки и влијанија во насока на понатамошно усовршување на воспитно-образовниот процес.

## 3. КОНЦЕПЦИЈАТА НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИТЕ ДОМОВИ

Во однос на другите воспитно-образовни институции, ученичките домови покажуваат јасно изразени организациони и потенцијални педагошки специфичности кои непосредно се одразуваат и во концепцијата на вреднувањето на воспитно-образовната работа. Вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови го изразува дијалектичкиот однос на општото и посебното. Општото ја изразува заедничката интеграциона основа, а посебното специфичниот однос и степен на развиеност и приспособеност на концепцијата, теоријата и практиката на вреднувањето во ученичките домови.Според тоа, општо во вреднувањето е неговата концепција организација, системот, принципите, програмите, методите, инструментите и средствата за вреднување. Посебното во вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови го претставува единството на конкретизацијата и адаптација на општото, во специфичностите на валоризацијата на ученичките домови.

Како примарни типови на вреднување на воспитно-образовната работа во ученичките домови се јавуваат следните:

- вреднување на општите педагошки постигнувања на ученичкиот дом;
- вреднување на педагошките постигнувања на Советот на воспитувачи;
- вреднување на педагошките постигнувања на секој воспитувач како индивидуа;
- вреднување на посебните педагошки постигнувања на воспитните групи во ученичкиот дом;

- вреднување на ученикот-воспитаникот во домот;
- вреднување на вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом.

Воспитувачите, како носители на најодговорните функции на воспитно-образовната работа во домот, имаат посебна положба во процесот на следењето и вреднувањето. Вреднувањето на нивните постигнувања во воспитно-образовната работа е дотолку позначајно, доколку повеќе и вреднувачот треба да се вреднува, затоа што тоа е претпоставка на секое успешно вреднување. Вреднувањето на воспитувачот како индивидуа е дел на интегралниот систем на вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови, додека воспитаникот е еден од примарните показатели на основните вредности на воспитно-образовната работа во ученичките домови.

Вреднување на вреднувањето е основен регулатив на современата ориентација и комплетна модернизација во процесот на вреднувањето. Со пермаментно усовршување на воспитниот кадар во сферата на вреднување на воспитно-образовната работа се обезбедуваат оптимални услови за перманентно теоретско и практично напредување на воспитувачите, што истовремено ќе има влијание врз нивната мотивација и оспособување за решавање на проблематиката на вреднувањето. Систематското внесување на иновативни елементи во концепцијата на вреднувањето на резултатите на воспитно-образовната работа, ќе придонесе современи трендови, како и континуирано следење и ефикасно и објективно вреднување.

Стимулирањето е исто така, битна функција на вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови. Стимулирањето треба да се сфати како комплетно, така и комплексно, бидејќи е потребно да се разработи систем на постапки и инструменти за стимулирање на учениците-воспитаниците и вработените во домот. Од развиениот систем на инструменти и методи, кои се конституираат во теоријата на воспитувањето, ученичкиот дом треба да ги одбере оние кои најмногу одговараат на специфичностите на домот. Тоа е е најприродниот пат до успешно вреднување на воспитно-образовната работа во домот и една од основните специфичности за избор и примена на ефикасни и прилагодени инструменти и методи на вреднување на резултатите на воспитно-образовната работа во ученичките домови.

## ЗАКЛУЧОК

Концептот на вреднувањето како општа замисла на вреднувањето се преобразува во практика на вреднувањето во остварените посебности на концепциите како делови на општото, затоа што општото и посебното постојат едно во друго, едно со друго и едно за друго. Општото во вреднувањето се збогатува со посебното а посебното се продлабочува и понатаму се развива секогаш потпрено, вградено, и поврзано со општото. Со вреднувањето се констатираат промени во развитокот на личноста на ученикот и реализација на програмските задачи во ученичките домови. Вреднувањето е следење на повисок степен, со аналитички пристап, додека следењето и мерењето се две целини кои функционално се поврзани, се условуваат и се соединуваат во комплексната категорија на системот на вреднувањето на воспитно-образовната работа во ученичките домови.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] https://adviseredu.com/2017/04/16/%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%83/
[2] Јурхар Р. (1978):„Функцијата на вреднувањето во системот на унапредувањето на работата на ученичките домови“, Скопје, Просветно дело
[3] Mrkonjik A., Vlahovik J. (2008): „Vrednovanje u skoli“, Zadar, Sveuciliste u Zadar, Odjel za pedagogiju
[4] Петров Н.(2009): „Педагошките основи на оценувањето, мерењето, вреднувањето и евалуацијата“, Скопје, Просветно дело
[5] Rajdson, Djastman, Robins (1966): „ Vrednovanje u savremnom obrazovanju “, Beograd, Nasa Skola
[6] Rajic V. (2013): „Vrednovanje obrazovnih/odgojnig postignuca u obrazovanja odraslih“, Zagreb, Andragoski glasnik